РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23-131/1
08.04. 2019 год.
СТРУМИЦА

СТРУМИЦА

# ОПШТИНА СТРУМИЦА

Врз основа на член 11 и член 144 од Законот за социјална заштита („Службен гласник на Република Северна Македонија бр. 79/09, 36/11, 5111, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14,33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/18 и 51/18), член 24 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 138/14, 33/15 и 150/15), Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Центар за лица – жртви на семејно насилство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 33/07), Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установата за социјална заштита – советувалиште за извршители на семејно насилство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 69/12) и врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица (Сл.гласник на Општина Струмица бр. 5/06) Градоначалникот на општина Струмица објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

**За прибирање предлог проектна иницијатива за Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита “Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во ОпштинаСтрумица”.**

Општина Струмица распишува Јавен повик за прибирање на предлог проектна иницијатива од локална граѓанска организација заради реализација на проект за справување со проблемот со жртвите на семејно насилство, односно Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита “Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Струмица”.

Проектот ќе се реализира во партнерска соработка помеѓу Општина Струмица и избраната граѓанска организација.

За таа цел во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Социјалната заштита, заштитата на децата за 2019 годиина, V2 Програмата- Поддршка на социјална заштита, активност бр.5 Организирање на Шелтер центар, од Буџетот на општина Струмица за 2019 година има **планирано 1.200.000,00 денари** кои се ставаат на располагање како општинско учество или **50%** од вкупните финансиски средства потреби за реализација на целиот проект **„Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита “Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Струмица”**

### Право на учество

Како субјекти кои можат да конкурираат со своја предлог проектна иницијатива се определуваат Здруженија на граѓани, регистрирани во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

### Вредност на проектот

Вредноста на проектот се определува како еднакво учество на партнерите и тоа:

**1.200.000,00 денари, или 50% општинско учество,** финансиски средства планирани во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Социјалната заштита заштитата на децата за 2019 годиина, V2 Програмата- Поддршка на социјална заштита, усвоена од Советот на општина Струмица.

**1.200.000,00 денари, учество на партнерската организација** (не зависно дали се работи за сопствени средства или средства обезбедени од општествено одговорни компании, потврдени со официјален документ).

**<u>Подобност на подносител на проект (апликант)</u>**

- **Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат апликантите кои учествуваат на овој повик се:**

- Апликантот кој се јавува на Јавниот повик да биде Здружение на граѓани регистрирано согласно Законот за здруженијата и фондации на Република Северна Македонија;

- Здруженијата на граѓани кои се јавуваат на јавниот повик да имаат минимум една години работно искуство на помош и поддршка на жртви на семејно насилство, трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство и секаков друг вид на насилство;

- Здруженијата на граѓани кои се јавуваат на јавниот повик да располагаат со расположливи човечки, просторни и технички ресурси согласно Законот за социјална заштита ("Сл.весник на СРМ" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18), Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Центар за лица – жртви на семејно насилство (Службен весник на Северна Република Македонија бр. 33/07) и Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установата за социјална заштита (Службен весник на Северна Република Македонија бр. 69/12)

- **Посебни критериуми кои треба да ги исполнуват Здруженијата на граѓани кои учествуваат на овој повик се:**

- Предлог проект за Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита "Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Струмица" да кореспондира согласно Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Центар за лица – жртви на семејно насилство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 33/07) и Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установата за социјална заштита – советувалиште за извршители на семејно насилство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 69/12)

-Здружението на граѓани кое се јавува како апликант мора да има доказ за обезбедено сопствено учество во висина од 50% од вкупната вредност на проектот.

- Предлог проектот да биде изработен и доставен на начин дадено во упатството со насоките и обрасците (формуларите) составен дел на јавниот повик;

- Финансиските средства да се користат исклучително за намената согласно планираните ставки во вкупниот Буџет на проектот во рамките на образецот за Буџет на проектот;

-Приложената апликација да биде согласно упатството со насоките и обрасците (формуларите) составен дел на јавниот повик;

**Времетраење на реализацијата на проектната иницијатива**

**Проектната иницијатива е со времетраење од 12 месеци.**

Планиран термин за започнување на реализација на активностите од проектот **е 01.06.2019 година**.

**Потребна документација која Апликантот (Здружението на граѓани) треба да ги достави кон Пријавата.**

Во рамките на основните документи покрај пријавата како **Анекс бр. 1**, Апликантите кои се јавуваат на јавниот повик ( Здружение на граѓани) која треба да биде пополнета со печатни букви во кирилично писмо, потпишана од застапникот , заверена со печат и штембил, изработена соодветно на даденото упатство и насоки, составен дел на јавниот повик, апликантот во прилог на истата задолжително треба да ги достави следниве прилози-анекси:

**Анекс 2 Правила за реализација на проектот**
**Анекс 3 Логичка рамка**
**Анекс 4 План на активности и видливост/промоција**
**Анекс 5 Преглед на буџет**

Во рамките на дополнителните документи апликантите мора да ги достават и следните прилози-анекси:

**Анекс 1** Формулар со административни податоци за подносителот
**Анекс 2** Формулар со финансиски податоци за подносителот
**Анекс 3** Изјава за подобност
**Анекс4** Изјава за релевантност на приложените биографии на целокупниот планиран/вклучен човечки ресурс во реализација на проектот
**Анекс 5** Листа за проверка

**Поднесените официјални документи (Меморандуми или Договори со други партери или општествено одгворни компании) ќе се смета за предност.**

**Напомена!**

**Пријавата( Апликацијата) со прилозите со објавувањето на Јавниот повик ќе бидат достапни и може да се превземат од официјалната веб страницата на Општина Струмица (www.strumica.gov.mk) во работна верзија!**

**Документите се доставуваат во два идентични примероци во хартиена форма и еден примерок во електронска форма(CD или USB).**

**Како и задолжителните дополнителни документи:**

1. Тековна состојба од Здружението на граѓани не постара од шест месеци/Решение за регистрација на организацијата во земјата (за носителот на проектот) Апликантот;

2. Копија од Статутот на здружението на граѓани (подносителот) Апликантот;

3. Копија од завршниот годишен финансиски извештај за претходната година/завршна сметка (биланс на успех и биланс на состојба) заверен од надлежна институција за финансиско работење или овластен сметководител, освен доколку здружението на граѓани е основано во тековната година;

4. Профил на здружение на граѓани;

5. Годишна програма на активности за 2019/2020 година;

**<u>Начин на достава на Проектната документација</u>**

Два оригинални примерока во печатена форма и еден во електронска форма на CD или USB од комплетната документација (наведена во упатството за аплицирање), да се достават по пошта или на рака во Архива на Секторот за ЛЕР, ЗЖС, МС и ЕФ на следнава адреса:

**Општина Струмица**
**Одделение за ЛЕР**
**Адреса: ул. „Благој Јанков Мучето“ бр.37, поранешен Дом на АРМ,**
**2400 Струмица**

За да бидат прифатени пријавите мора целокупната документација да се достави исклучиво по препорачана пошта или лично, во запечатен плик на кој е назначено дека е за јавниот повик, во работни денови (понеделник до петок), помеѓу 08:00 и 16:00 часот, во рок од **30(триесет) дена од денот на објавување на Јавниот повик.**

**Крајниот рок за поднесување на апликациите е триесет (30)дена, вклучително и денот на објавување на јавниот повик. 07.05.2019(понеделник) до 16:00 часот.**

- **На предната страна на пликото Во горниот лев агол да стои: „Не отварај“, а во долниот десен агол да стои: Адресата на донаторот и под истата назнаката „ За Јавен повик за Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита “Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Струмица”.**

**Напомена!**
**Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Апликациите кои ќе пристигнат по крајниот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е пред официјалниот краен рок. Примената документација не се враќа!**
**Дополнителни прашања може да се поставуваат исклучиво на официјален мал на определеното лице за контакт**

Лице за контакт:
Тони Милушев
Раководител на Одделение за ЛЕР/Општина Струмица
mail: toni.milusev@strumica.gov.mk

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Коста Јаневски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СТРУМИЦА